USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ПРОГРАМА НА УСАИД ЗА АНТИ-КОРУПЦИЈА

## ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог закони објавени на ЕНЕР усвоени на Влада
во период од 1 до 31 јануари 2014 г.

12

Усвоени на Влада, „На одлука" на ЕНЕР: 0

Усвоени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 12

Бр. на предлог закони со запазен минимален рок за консултации: 6

Бр. на предлог закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации: 6

Просечен број на денови за консултации*

21

**Табела.** Преглед на објавени предлог закони по министерства и почитување на минимален рок за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на објавени предлог закони на ЕНЕР | Бр. на предлог закони со отстапки од минимален рок за консултации | % на отстапки од објавени закони на ЕНЕР | Просечен бр. на денови за консултации |
|---|---|---|---|---|
| **МП** | 2 | 0 | 0% | 20 |
| **МЕ** | 2 | 0 | 0% | 19 |
| **МЖСПП** | 2 | 1 | 50% | 72 |
| **МИОА** | 2 | 1 | 50% | 13 |
| **МТСП** | 1 | 1 | 100% | 6 |
| **МТВ** | 2 | 2 | 100% | 3 |
| **МФ** | 1 | 1 | 100% | 0 |
| **ВКУПНО** | **12** | **6** | **50%** | **21** |

**www.ogledalonavladata.mk**

*Во рамките на Програмата на УСАИД за анти-корупција, се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). За повеќе информации посетете го сајтот www.ogledalonavladata.mk.*

**минимален рок за консултации на ЕНЕР е 10 дена*

## Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР бр. 3

**кај 6 предлог закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**кај 6 предлог закони е забележано отстапување од минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 10 дена од денот на објавувањето.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk

## Што се следи?

**Предлог закони отворени на ЕНЕР**

## Како се следи?

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог закон**

**Датум на поставување на документи**

**Промени на статуси**

**Содржина на поставени документите**

## Како се одредува период на консултации?

**Доколку соодветен предлог закон преминал на ЕНЕР од „Отворен" во некој од другите два статуси „На одлука" или „Затворен" периодот на промена од статус „Отворен" во еден од другите два статуси се смета како период на консултации.**

**За предлог законите за кои нема промена на статусот како датум на затворање на консултациите се смета датумот кога законот бил усвоен на Седница на Влада.**

**„Отворен" значи дека предлог законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„На одлука" значи дека предлог законот е влезен во владина процедура.**
**„Затворен" значи дека предлог законот е усвоен од Собранието.**

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk

### ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) за кои е утврдено дека консултативниот процес до крајот на овој месец бил затворен. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 10 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 36/08*).

### МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога предлог закон е поставен на ЕНЕР во статус „Отворен".

Како датум на завршување на консултации се користи еден од двата начини:

1. Доколку предлог закон од статус „Отворен" преминал на ЕНЕР во некој од двата статуси „На одлука" или „Затворен", се смета денот на промена на статус.
2. Доколку не се случила промена на статусот за соодветниот закон на ЕНЕР, се следи дали предлог законот е влезен во Собраниска процедура преку веб-страната на Собранието на Република Македонија и од достапните документи се забележува кога предлог-законот е утврден на седницата на Владата на Република Македонија.

### РЕЗУЛТАТИ

Сите дванаесет предлог закони, кои што беа утврдени на седница на Влада во периодот од 1 до 31 јануари 2014 г., на ЕНЕР беа објавени со статус „Отворен". Сепак, иако имаат обврска, министерствата многу ретко ги менуваат статусите на поставени предлог закони на ЕНЕР. Ова е многу важно за јавноста да има јасен увид за кои предлог закони може да влијаат преку коментирање на ЕНЕР. Така на пример, од сите дванаесет предлог закони кои што беа утврдени на Седница на Влада изминатиот месец и за кои консултациите се реално завршени, ниеден го нема променето статусот на ЕНЕР од „Отворен" во „На одлука".

За 50% (6 од 12) од предлог законите беше запазен минималниот рок за консултации со јавноста од 10 дена. Просечниот рок за консултации на овие дванаесет предлог закони беше дваесет и еден ден, што е за единаесет дена повеќе од законскиот минимум. Меѓутоа, ваквиот просек најмногу се должи на „Предлог законот за планински патеки", кој беше предложен од Министерството за животна средина и просторно планирање и беше достапен на увид дури 144 денови. По него, со 27 денови следеше „Предлог Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија", предложен од Министерството за правда. Понатаму, со по 20 денови период за консултации следуваа „Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва", предложен од Министерството за економија и „Законот за електронските комуникации", предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Министерството за правда** и **Министерството за економија** беа министерствата кај кои што не беа забележани отстапки и кои имаа просечен број на денови за консултации од 20, односно 19 денови.

**Министерство за транспорт и врски** е министерството каде што беа забележани најголеми отстапки, со просечниот број на денови за консултации помал од 3 дена при што значително беше минимизирана можноста за вклучување на јавноста во консултативниот процес. Имено „Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти", беше достапен за консултации само пет денови, додека пак „Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги" – воопшто не беше достапен за консултации. Имено, истиот беше усвоен на седницата на Влада на 8 јануари 2014 г, а објавен на ЕНЕР како „Отворен" со 19 дена задоцнување, на 27 јануари 2014 г.

И кај уште два други закони беше забележано дека и покрај тоа што беа објавени со статус „Отворен" на ЕНЕР, истите де факто не беа достапни за консултации, бидејќи забележано е дека тие веќе биле усвоени на седницата на Влада. Поконкретно, се работи за „Предлог законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини", предложен од Министерството за животна средина и просторно планирање кој што е објавен на ЕНЕР со статус „Отворен" на 15 јануари 2014 г., а утврден на седница на Влада на 14 јануари 2014 г. и за „Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за вториот програмски заем за развојни политики за конкурентност, по скратена постапка", предложен од Министерството за финансии кој што е објавен на ЕНЕР со статус „Отворен" на 31 јануари 2014, а утврден на седница на Владата на 30 јануари 2014.